**АТЛЕТСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

# Д Е Л О В Н И К
**за работа на Собранието на**
**Атлетската федерација на Македонија**

Скопје, март 2008 година

Врз основа на членовите 38, 41 и 43 од Статутот на Атлетската федерација на Македонија, Собранието на Атлетската федерација на Македонија на својата седница одржана на ______ 2008 година донесе

**Деловник за работа на**
**Собранието на Атлетската федерација на Македонија**

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Деловник за работа, а во согласност со Статутот на Атлетската федерација на Македонија (во натамошниот текст АФМ), поблиску се уредува начинот и работата на Собранието и остварување на јавноста во работата, и други прашања што произлегуваат од работењето на Собранието.

Член 2

Собранието на АФМ работи и одржува седници, согласно Статутот на АФМ и овој Деловник.

Член 3

Работата на Собранието на АФМ е јавна.

Член 4

Во остварување на своите функции Собранието на АФМ соработува со останатите органи на АФМ.

## 2. СВИКУВАЊЕ И ТЕК НА СЕДНИЦИТЕ

Член 5

Седницата на Собранието на АФМ ја свикува претседателот на Собранието на АФМ или во негово отсуство или спреченост лице овластено од него.

Со покана за Седницата се доставува предлогот на Дневниот ред, потребните материјали и др. Најдоцна седум дена пред денот определен за одржување на седницата на Собранието.

Член 6

Со седницата претседава претседателот на Собранието на АФМ или во негово отсуство или спреченост лице овластено од него.

Член 7

Собранието на АФМ може да работи и одлучува ако на седницата присуствува мнозинството од вкупниот број на атлетски клубови со право на глас.

Право на учество во работата на Собранието на АФМ имаат преставниците на клубовите кои имаат решение за вршење дејност спорт издадено од државниот орган на управа надлежен за работите од дејноста спорт.

Право на глас на Собранието имаат само оние делегати чии клубови имаат учествувано барем на две државни првенства во организација на АФМ, во последната натпреварувачка сезона.

Пред закажување на Собрание на АФМ, Извршниот одбор го усвојува списокот на клубови кои имаат право да делегираат свои членови за Собранието на АФМ и клубови кои имаат право на глас на Собранието на АФМ.

Член 8

Собранието на АФМ го усвојува дневниот ред на седницата со мнозинство на гласови од присутните членови и во исто време определува записничар и двајца оверувачи на записникот.

Член на Собранието, може на самата седница да предложи дополнување на дневниот ред за определено прашање, кое треба да го образложи неговото поставување.

Во Записникот од седницата на Собранието на АФМ се регистрираат присутните членови кои имаат право да учествуваат во неговата работа, останатите присутни и гости. Дневниот ред, дискутантите, заклучоците, одлуките, решенијата и резултатите од гласањето по одделни точки.

Член 9

Во претресот по одделни прашања од Дневниот ред можат да учествуваат и претставниците на клубовите кои немаат решение за вршење дејност спорт, како и преставниците на заинтересирани органи и заедници без право на одлучување.

Член 10

За одржување на редот на Седницата се грижи претседателот на Собранието.

Претседателот може да опомене член на Собранието, кој со своето однесување, со земање на збор кога не му е даден или со упаѓање во збор на преставникот, го нарушува редот на Седницата или да му го одземе зборот на преставникот, кој со своето обраќање го нарушува редот.

Член 11

На Седницата на Собранието, може да се одлучи да се ограничи времето и бројот на јавување по една точка од Дневниот ред.

Ограничувањето не може да биде помалку од едно обраќање во траење од 5 минути и една реплика во траење од 2 минути.

Член 12

Собранието на АФМ заклучоците и одлуките по правило ги донесува со јавно гласање.

Ако Собранието одлучи за поедини прашања гласањето да биде тајно, тогаш гласањето го спроведува комисија од три (3) члена која ја именува органот на АФМ.

Гласањето се врши со гласачко ливче на кое е отпечатено под 1/.“за“, под 2/.“против“, и под 3/.“воздржан“. На секое гласачко ливче се става печатот на АФМ.

Гласањето се врши со заокружување на еден реден број.

Член 13

Ако изборот на претседателот на АФМ се врши со тајно гласање, гласањето се врши одделно за претседателот и потпретседателот.

На гласачкото ливче мора да бидат испишани имињата на сите предложени кандидати по азбучен ред и со назначен реден број пред секој кандидат.

Ако ниеден од кандидатите, односно ако ниеден предлог на општ акт или друг документ за кој се врши гласање не го добие потребното мнозинство, се смета дека кандидатот не е избран, односно дека општиот акт не е донесен.

Гласањето за избор може да се повтори, по одлука на органите на АФМ.

Член 14

Работата на Собранието можат да ја следат спортисти, спортски експерти и други повикани граѓани и преставници на спортските здруженија, државни органи, претпријатија и средствата за информирање.

Член 15

За остварување на јавноста во работата се грижи претседателот на Собранието на АФМ кои за одредени прашања може да организира Конференција за печат.

3. ДОНЕСУВАЊЕ ОПШТИ АКТИ

Член 16

Собранието на АФМ донесува одлуки и заклучоци. Донесувањето на општи акти може да предложи секој член на АФМ, Надзорниот одбор, Извршниот одбор и член на Собранието на АФМ.

Член 17

На предлагачот за донесување општ акт, односно на предлогот на општиот акт, во текот на претресот секој член на Собранието може да поднесе амандмани за измени и дополнување на предложениот општ акт. Амандманите се поднесуваат во писмена форма, со соодветно образложение на предложениот општ акт.

Собранието на АФМ, прво се изјаснува за поднесените амандами, а потоа за општиот акт во целина.

Автентично толкување на одредбите од општиот акт дава Собранието на АФМ.

## 4. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 18

Со донесување на овој деловник престанува да важи Деловникот за работа на Собранието на Атлетската федерација на Македонија од 1993 година.

Член 19

Овој Деловник стапува на сила од денот на неговото донесување.

Скопје

22.03.2008 год.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА АФМ
Цветко Грозданов